# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ

**Информации потребни за утврдување на Индексот на општествено-образовното предимство на заедницата (Index of Community Socio-educational Advantage - ICSEA) за училишта**

Ова известување е од Австралиската служба за наставна програма, оценување и известување (Australian Curriculum, Assessment and Reporting Authority - ACARA), за да бидете информирани дека ACARA побарала од училиштето на вашето дете на ACARA да ѝ даде информации за вас и за вашето дете. Училиштето на вашето дете може на ACARA да ѝ открие податоци како што се полот на вашето дете, неговиот датум на раѓање, земјата на раѓање, кој му е мајчин јазик, адресата на живеење, професијата на родителите и образованието на родителите.

Овие податоци ѝ се откриваат на ACARA во согласност со Законот за ACARA од 2008 година (ACARA Act 2008) заради една или двете следни цели:

- формулирање на национални извештаи кои се состојат од собрани податоци за резултатите на училиштата; и
- помош на владата да формулира принципи во врска со образовни прашања.

ACARA нема да ги открие овие лични податоци на ниедна трета страна. Ако вие не сакате училиштето да ѝ ги даде тие податоци на ACARA, ве молиме известете го училиштето на вашето дете во рок од седум (7) дена од добивањето на ова известување.

Повеќе информации за ACARA може да се најдат на интернет страницата на ACARA на www.acara.edu.au.